Бр.Nr. 01-875/2
06.10. 2020 год.viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 89-а став 1 алинеа 1, член 97 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/2010, 156/10,18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18) Учишлишниот одбор на Автосообраќајниот училишен центар "Боро Петрушевски" на град Скопје на 5-та по ред седница, одржана на ден 01.07.2020 година, донесе

# С Т А Т У Т
# НА
# АВТОСООБРАЌАЈНИОТ УЧИЛИШЕН ЦЕНТАР "БОРО ПЕТРУШЕВСКИ" на град Скопје

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој статут во Автосообраќајниот училишен центар "Боро Петрушевски" на град Скопје (во понатамошниот текст Училиштето) се уредуваат: фирмата и седиштето, дејноста, застапувањето на Училиштето , управувањето и раководењето, организационата поставеност, воспитно-образовната работа, статусот на учениците, наставниците, стручните соработници и другите вработени, одбраната и други прашања од работењето на Училиштето.

### Член 2

Одделни прашања што не се уредени со овој Статут поблиску ќе се разработат со правилници, деловници, одлуки и други интерни акти на центарот.

### Член 3

Одредбите од овој Статут се задоложителни за сите вработени и ученици во Центарот.

Толкување на одредбите од овој Статут дава Училишниот Одбор на училиштето.

Согласност на статутот на училиштето дава Министерството за образование и наука ( во понатамошниот текст – Министерството).

### Член 4

Училиштето е јавно средно училиште на град Скопје со назив:

Автосообраќаен училишен центар "Боро Петрушевски" на град Скопје.

Седиштето на Училиштето е во Скопје, бул."Александар Македонски" бр. 26.

Скратен назив е АСУЦ " Боро Петрушевски" на град Скопје.

### Член 5

Училиштето е основано со уредбата бр.9115 од 17.09.1947 година на Владата на Народна Република Македонија.

### Член 6

Дејноста на училиштето е стручно образование на кадри за занимањата :

* **за тригодишно или четиригодишно образование**

Обврската за чување на деловна тајна трае се додека директорот на Училиштето или органот кој ги доставил податоците не даде согласност за ослободување од чување на деловната тајна.

**Член 163**

Податоците и документите што претставуваат деловна тајна се заведуваат во посебен деловен протокол и како такви се архивираат.

## XVI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 164**

Статутот и другите општи акти во Училиштето ги донесува Училишниот одбор на Училиштето.

Статутот се смета за донесен ако за него гласале повеќе од половината од членовите на Училишниот одбор.

**Член 165**

Измените и дополнувањето на Статутот се вршат на ист начин како за неговото донесување.

**Член 166**

Општите акти на Училиштето ќе се усогласат со овој Статут во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на Статутот.

**Член 167**

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот бр. 01-608/1 од 12.04.2019 година.

**Член 168**

Овој Статут влегува во сила со денот на објавувањето на огласна табла на училиштето, а ќе се објави на огласна табла по добивањето на согласност од Министерството за образование и наука.

**Претседател на Училишниот одбор,**

_______________________

**Сунчица Белинска Андов**

Автосообраќаен училишен центар - Qendra shkollore e autotrafikut
"Боро Петрушевски" на град Скопје - "Boro Petrushevski" e qytetit të Shkupit
Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр.Nr. 01 - 876/2
06.10. 20 20 год.viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# АСУЦ „Боро Петрушевски“ - Скопје

бул. „Едвард Кардељ“ бр. 26б, тел. **02/31 15 819**, факс: 02/31 72 450
сметка: **1000000000630 95**, сметка на буџетски корисник: **7850104049 787 17**,
приходна шифра за ученички прашања: **723013**, програма: **N2**,
приходна шифра за споредни дејности: **723119**, програма: **N2**,
ЕДБ МК 4030974108993 Депонент: Народна Банка на Македонија
www.asuc.edu.mk , E-mail: info@asuc.edu.mk

**До**
**Министерство за образование и наука**
**Скопје**

**Предмет:** Барање согласност за Одлуката за усвојување на Статутот на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на град Скопје, заради усогласување со постоечките законски прописи

Согласно Вашето известување со Ваш деловоден број 18-772 од 27.08.2020 година заведено во нашата архива со деловоден број 01-631/2 на ден 09.09.2020 година во кое Известување ни давате насоки да го усогласиме член 100 од Статутот на АСУЦ Боро Петрушевски со член 19 став 14 од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта Ве известуваме дека Автосообраќајниот училишен центар „Боро Петрушевски“ – на град Скопје постапи по Вашите насоки. Ве известуваме дека постапивме и по Вашите насоки во однос на печатот на АСУЦ Боро Петрушевскина Град Скопје.

Предлог Статутот на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на град Скопје под бр.01-630/1 од 01.07.2020 година, беше едногласно усвоен од присутните членови.

Согласно чл.97 од Законот за средно образование (Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/2010, 156/10,18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18) како и Одлуката за усвојување на Статутот на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на град Скопје под бр. 02-604/4 од 01.07.2020 година Ве молиме да дадете согласност за примена на Статутот на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на град Скопје.

**Прилог:**

1. Одлуката бр.02-60/4 од 01.07.2020 год., за усвојување на Статутот на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на град Скопје
2. Статутот на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на град Скопје под бр.01-876/2 од 06.10.2020 година

Директор,
М-р Горанчо Николовски